Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 16 јануари 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “МАРКОВА РЕКА со реф.бр.143” издадена на Друштвото за производство на електрична енергија ИНДИГО ХИДРО МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/22 и 231/22).

2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите “17 јануари 2023 година” се заменуваат со зборовите “27 јуни 2023 година”.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија ИНДИГО ХИДРО МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, со седиште на ул. “Методија Шаторов-Шарло” бр. 11-1/1 Скопје - Аеродром (во понатамошниот текст: Друштво), на 27 декември 2022 година до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “МАРКОВА РЕКА со реф.бр.143”, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-580/22 од 27 декември 2022 година.

Регулаторна комисија за енергетика, на Барања на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за МХЕЦ “МАРКОВА РЕКА со реф.бр.143” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 117/21) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за МХЕЦ “МАРКОВА РЕКА со реф.бр.143” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 60/22 и 231/22).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал. Барањето беше комплетирано на 12 јануари 2023 година.

Друштвото, како причина за побараното продолжување го наведе доцнењето од страна на институциите во решавање на постапките за имотно-правни односи. Друштвото побара времетраењето на лиценцата за пробна работа да се продолжи за 6 месеци.

Согласно член 25 став (2) од Правилникот за лиценци согласно кој Регулаторната комисија за енергетика врз основа на доставените податоци од причините за продолжувањето на лиценцата за пробна работа го определува рокот за продолжување на лиценцата за пробна работа, Регулаторната комисија за енергетика го определи датумот на продолжување на лиценцата за пробна работа 27 јуни 2023 година, имајќи во предвид дека рокот за почеток со комерцијална работа на електроцентралата е предложено да се продолжи до 27 јуни 2023 година, согласно Информација Бр.11-186/1 од Министерството за животна средина и просторно планирање, со која ја информира Владата на Република Северна Македонија за статусот на реализација на Договорот за концесија на мали хидроелектрични централи МХЕЦ МАРКОВА РЕКА со реф.бр.143, МХЕЦ МАРКОВА РЕКА со реф.бр.144 и МХЕЦ МАРКОВА РЕКА и со која се предлага Владата на Република Северна Македонија да го овласти министерот да склучи Анекс на Договорот за концесија со кој ќе се продолжи рокот за изградба на објектите и почеток со комерцијално работење до 27 јуни 2023 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-95/2 од 16 јануари 2023 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 16 јануари 2023 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 43 став (3) од Законот за енергетика и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ “МАРКОВА РЕКА со реф.бр.143” на Друштвото за производство на електрична енергија ИНДИГО ХИДРО МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-580/22**
**16 јануари 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**